Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), објавениот Интерен оглас, број 01/2026 за унапредување на административен службеник и член 30 од Статутот на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје, в.д.Директорот на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија – Скопје, донесе:

Република Северна Македонија
Република е Македонисë Се Veriut
Јавна здравствена установа-
Institucioni shëndetësor publik
Универзитетски институт за клиничка биохемија
Instituti universitar për biokimi klinike

Бр.-Nr. 04-900/8
09 . 10 2026 год. viti
Скопје-Shkup

О Д Л У К А

за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.1/2026

1. По објавениот Интерен оглас бр. 1/2026 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје за работното место ЗДР 01 02 В04 011 Помлад соработник за наплата и фактурирање во Одделение за материјално – финансиско работење и јавни набавки, Сектор за материјално-финансиско работење, сметководство и јавни набавки 1 (еден) извршител, се **ИЗБИРА** кандидатот:
   - **Глигор Славевски**
2. Одлуката за избор да се достави до избраниот кандидат и да се објави на интернет страницата на Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје.
3. Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука.
4. Ова одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

О б р а з л о ж е н и е

ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје на својата интернет страница на ден 21.09.2026 година (понеделник) објави Интерен оглас бр. 1/2026 за унапредување на 1 (еден) административен службеник.

Директорот на Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје со Решение бр. 04-900/5 од 08.10.2026 година формира Комисија за селекција за унапредување по Интерниот оглас, за да се спроведе постапката за селекција за унапредување на административни службеници. Од страна на Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас на ден 08.10.2026 година спроведена е административна селекција за која е составен Записник бр. 04-900/6 од 08.10.2026 година и на ден 08.10.2026 година, спроведено е интервју на административен службеник за што е составен Записник бр. 04-900/7 од 08.10.2026 година.

Согласно чл. 52 од Законот за административни службеници по спроведениот Интерен оглас број 1/2026 година, за работното место ЗДР 01 02 В04 011 Помлад соработник за наплата и фактурирање во Одделение за материјално – финансиско работење и јавни набавки, Сектор за материјално-финансиско работење, сметководство и јавни набавки (1 извршител), Директорот на ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија-Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлуката.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на доставувањето до кандидатите и објавувањето на одлуката на веб страницата на Универзитетски институт за клиничка биохемија - Скопје.

в.д.Директор,
Doc. dr. Mimoza Bafqari-Bakiji
мп

Република Северна Македонија • Јавна здравствена установа Универзитетски институт за клиничка биохемија • Скопје • Republika e Maqedonisë së Veriut • Institucioni shëndetësor publik • Universiteti i Institutit universitar për biokimi klinike • Shkup

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Сектор за административни-правни работи и човечки ресурси
- Архива

Scanned with CamScanner